# З А П И С Н И К

## Од Триесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 02.04.2026 година, во 10:00 часот, одржана онлајн

**Онлајн присутни членови на Триесет и седмата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Грозданоски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

Триесет и седмата седница на Програмскиот совет започна во 10:00 часот онлајн, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и седмата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 36-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Согласност за именување на Одговорен уредник на Третиот програмски сервис – Канал 3**
3. **Разгледување на почитувањето на програмските обврски на МРТ и укажување од страна на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 36-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и шестата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Согласност за именување на Одговорен уредник на Третиот програмски сервис – Канал 3**

Во рамки на оваа точка се разгледува барањето за давање согласност за именување на Одговорен уредник на Третиот програмски сервис – Канал 3.

Најнапред, согласно доставената документација со Арх. бр. 04-1630/9 од 27.03.2026 година, Програмскиот совет ја има на увид финалната ранг-листа на интервјуираните кандидати и

предлог-одлуката за избор на прворангиран кандидат, изготвена од страна на Комисијата за селекција. Од образложението на оваа документација произлегува дека постапката е спроведена врз основа на објавен интерен оглас бр. 01/2026 од 17.03.2026 година, при што е спроведена административна селекција и интервјуирање на кандидатите од страна на надлежна Комисија, формирана со одлука на Директорот на МРТ. Во постапката е утврдено дека кандидатите ги исполнуваат пропишаните законски услови, по што, врз основа на резултатите од интервјуто, изготвена е финална ранг-листа, согласно која кандидатот Бранко Чупески е прворангиран со освоени 29 поени.

Понатаму, согласно Записникот од седницата на Уредништвото на МРТ со Арх. бр. 02-1630/10 од 31.03.2026 година, Уредништвото ја разгледало целокупната постапка и едногласно дало позитивно мислење за именување на Бранко Чупески за Одговорен уредник на Третиот програмски сервис – Канал 3. Во записникот е наведено дека кандидатот ги исполнува условите согласно закон и постигнатите резултати од тестирањето, по што Уредништвото се произнело во насока на прифаќање на предлогот.

Дополнително, до Програмскиот совет е доставено и официјално Барање за согласност од Директорот на МРТ, заедно со мислењето од Уредништвото, со Арх. бр. 04-1630/11 од 31.03.2026 година, со кое формално се бара согласност за назначување на предложениот кандидат. Во ова барање изрично се наведува дека се доставува позитивното мислење од Уредништвото и се предлага именување на Бранко Чупески на предметната функција.

Воедно, ова прашање претставува надлежност на Програмскиот совет, согласно член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 43 став 2 од Статутот на ЈРП МРТ, според што Програмскиот совет дава согласност на именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ. Истовремено, согласно член 3 од Статутот на ЈРП МРТ, Директорот на МРТ е должен пред донесување на одлуката да побара согласност од Програмскиот совет и да го достави мислењето од Уредништвото, што во конкретниот случај е целосно исполнето.

Имајќи ја предвид целокупната доставена документација – финалната ранг-листа, образложението за спроведената постапка, записникот од Уредништвото и формалното барање од Директорот, како и утврдената законска и статутарна надлежност, може да се констатира дека се исполнети сите предуслови за одлучување по оваа точка, односно дека Програмскиот совет располага со комплетни материјали за донесување одлука.

Претседателот на Програмскиот совет отвори дискусија по однос на оваа точка:

Збор зема Томислав Кежаровски кој рече дека во врска со оваа точка не може да даде согласност, затоа што нема увид во целосната документација на предметот и дали кандидатот ги исполнувал условите за Одговорен уредник на МТВ3. Воедно смета дека времето во кое се избира Одговорен уредник на Третиот програмски сервис на МТВ не е соодветно, од причини што во моментот тече Конкурс за избор на Директор на МРТ, односно Заменик на директорот на МРТ.

На ова се надоврза Лазо Трпков кој рече дека за конкретната ситуација имало формирана комисија која констатирала дека кандидатот кој е избран ги исполнувал сите услови и дека Советот нема право да ги разгледува сите документи од интерниот оглас за избор на Одговорен уредник на Третиот програмски сервис на МТВ.
Понатаму збор зема Бурим Рамадани кој рече дека според него покомпетентни се оние кои го вршат изборот, односно комисијата за избор. Тој констатираше дека била формирана комисија за избор и согласно документацијата која била приложена кандидатот ги исполнувал условите и затоа бил избран за Одговорен уредник на МТВ3.
Потоа збор зема Билјана Бабиќ која истакна дека сегашниот избор не го ограничува новиот Директор да го разреши Одговорниот уредник, доколку смета дека има потреба за тоа.
Следен зема збор Владимир Палашевски кој исто така рече дека имало формирано комисија која одлучува по однос на изборот за Одговорен уредник и дека Советот нема надлежност да учествува во изборот, туку Програмскиот совет дава согласност за изборот на уредник.
Маја Седрак зема збор и рече дека постапката има право на жалба и дека Програмскиот совет нема мандат да го избира уредникот, туку да донесе Одлука за согласност на уредникот кој легитимно е избран во согласност со доставената документација.

Претседателот Давор Пашоски ја стави на гласање следната

**Предлог-одлука:**

Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио-телевизија дава согласност за именување на Бранко Чупески за Одговорен уредник на Третиот програмски сервис – Канал 3, согласно доставеното барање и пропратната документација.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Против гласаше 1 (еден) член на Програмскиот совет на МРТ, Томислав Кежаровски**

**Точка 3. Разгледување на почитувањето на програмските обврски на МРТ и укажување од страна на Програмскиот совет на МРТ**

Во рамки на оваа точка, Програмскиот совет го разгледа прашањето за емитуваната содржина на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ2), прикажана на 28 март 2026 година, во рамки на музичката програма „Фестивал на детска песна – Билбилите на Кораб“, во која беше изведена песната „Албански територии (Trojet Shqiptare)“, а која предизвика сериозни реакции во јавноста и отвори прашања од аспект на уредничката одговорност и почитувањето на програмските стандарди.
Согласно доставените материјали, Програмскиот совет пристапи кон разгледување на сите релевантни аспекти поврзани со емитувањето на предметната содржина, со цел утврдување на состојбата и преземање на соодветни мерки во рамки на своите надлежности.
Во таа смисла, Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија, по разгледување на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се однесува на емитуваната содржина на МРТ2 од 28

март 2026 година, констатира дека во конкретниот случај се работи за сериозен програмски и уреднички пропуст.

Имајќи ги предвид наводите и правната анализа содржани во извештајот, Програмскиот совет укажа дека и според стручната оцена на програмскиот сектор на ААВМУ, утврдено е прекршување на член 48 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно емитување содржина што поттикнува или шири нетрпеливост врз основа на етничка и национална припадност.

Програмскиот совет го прифаќа овој наод како сериозен основ за постапување, особено имајќи предвид дека станува збор за однапред продуцирана содржина за која постоела целосна можност за уредничка контрола.

Имајќи ја предвид јавната функција на МРТ, Програмскиот совет оцени дека ваквиот пропуст бара итна и соодветна институционална реакција.

Поради тоа, Програмскиот совет укажува на потребата:

**1. Да се побара од Директорот на ЈРП МРТ без одлагање да покрене постапка за утврдување одговорност за емитувањето на предметната програмска содржина;**

**2. Да се утврди индивидуална и/или институционална одговорност кај лицата и организационите единици кои учествувале во изборот, подготовката, контролата и одобрувањето на содржината;**

**3. Да се преземат соодветни мерки согласно закон, колективен договор и интерни акти, вклучително и поведување дисциплински постапки доколку се утврди одговорност;**

**4. Директорот да достави писмен извештај до Програмскиот совет за преземените активности и утврдената состојба;**

**5. Да се предложат и имплементираат дополнителни механизми за уредничка контрола, со цел спречување на идни слични случаи.**

Програмскиот совет особено укажа дека во конкретниот случај постои усогласеност меѓу неговиот став и наодите на ААВМУ, односно дека и во извештајот изготвен од програмскиот сектор на Агенцијата е констатирано прекршување на законските одредби.

Дополнително, Програмскиот совет ги зеде предвид клучните наоди од извештајот на ААВМУ, со што се укажува дека емитуваната содржина содржи елементи кои, во дадениот општествен контекст, можат да бидат различно интерпретирани од страна на јавноста. Во таа насока, Програмскиот совет ја нагласи својата определба за доследно почитување и унапредување на вредностите на соживот, меѓусебна почит и мултикултурност, како суштински принципи на јавниот радиодифузен сервис. Особено внимание се посветува на фактот што станува збор за програма со широка достапност, во која учествуваат малолетни лица, што дополнително ја нагласува потребата од внимателно уредничко постапување.

Согласно анализата на ААВМУ, ваквата содржина во конкретниот општествен контекст ги надминува рамките на вообичаен уметнички или културен израз и има потенцијал да влијае врз перцепцијата на јавноста и меѓуетничките односи. Со ова се укажува на потребата од

доследно придржување кон законските обврски и професионалните стандарди, со цел заштита на јавниот интерес и зачувување на општествената кохезија.

Имајќи го предвид наведеното, Програмскиот совет оцени дека е потребно соодветно институционално постапување, во насока на унапредување на уредничките практики и спречување на слични ситуации во иднина.

Претседателот на Програмскиот совет отвори дискусија по однос на оваа точка:

Прв зема збор Бурим Рамадани кој рече дека не може вината да се бара само кај Одговорната уредничка на МТВ2, а посебно што таа била на боледување подолг временски период и според него не би можела да има целосна контрола на тоа што се емитувало на програмата. Воедно тој смета дека сето ова е намерно направено и дека не може едно дете од 12 години да има перцепција да шири таква пропаганда за мултиетнички раздор. Тој рече дека прекршоци се правеле и од страна на Првиот програмски сервис и дека по однос на оваа ситуација треба Директорот на МРТ да испита каде е пропустот. Продолжи во насока дека никој не сака да пропагира лоши односи или провокации, посебно во момент додека тече конкурс за избор на Директор на МРТ, односно Заменик на директорот на МРТ и според него ова е направено со намера за провокација. Исто така тој рече дека фестивалот на кој се пеела песната имал и режисер, камерман, монтажер и слично и дека не може вина да се бара само кај еден човек, односно можело да се предвиди и да се реагира на време.

Следна зема збор Ивана Ефремовски која рече дека, како член на Програмскиот совет на МРТ таа чувствува обврска да реагира откако на 28-ми март годинава, во претпладневните часови на каналот на МТВ2 бил емитуван детски фестивал, во чии рамки била изведена песна со наслов “Trojet shqiptare” – “Албански територии”. Песната била изведена од девојче кое на својата блуза носела карта од таканаречената Голема Албанија. Во контекстот на песната, меѓу другото, се наведува на територијални претензии кон Република Македонија. Станува збор за детска песна со политичка конотација, проследена со симболика што предизвикала реакции во јавноста и медиумите. Таа сакаше јасно да нагласи дека ова обраќање не е насочено против ниту една етничка заедница, ниту пак против колегите Албанци, со кои делат заедничка одговорност за јавниот сервис. Напротив, таа рече дека верува дека токму почитта, соживотот и професионалните стандарди треба да бидат темел на нивното работење. Но, исто така, таа рече дека смета дека е неопходно да се постави јасна граница кога станува збор за содржините кои се емитуваат, особено кога станува збор за деца. Јавниот сервис има обврска да биде простор кој обединува, едуцира и негува вредности што ги приближуваат граѓаните, а не создаваат поделби или отвораат чувствителни политички прашања. Затоа таа побара од уредништвото на МТВ2 јасно образложение како ваква содржина се нашла на програмата, како и одговорност за направениот пропуст. Таа изрази верување дека ова е прашање на професионални стандарди, а не на етничка припадност. Констатираше дека улогата на Програмскиот совет е да придонесе кон подобрување на квалитетот и кредибилитетот на јавниот сервис и дека токму затоа, ваквите ситуации треба да се разгледуваат внимателно, со почит, но и со јасна определба да не се повторуваат.

Потоа збор зема Томислав Кежаровски кој праша зошто токму сега се кренала тензија во врска со фестивалот Билбилите на Кораб кога тоа е фестивал од 2023 година и на програмата на МТВ2 претходно се емитувал 23 пати. Запраша дали до сега никој не ја видел песната?

Според него треба одговорност, но после 23 пати емитување, токму на 28-ми март годинава се крева врева.
Патриот Лумани зема збор и рече дека оваа ситуација повеќе наликува на медиумска конструкција и дека според него, сето ова е намерно направено токму сега, се со цел некој да постигне политички поени, поради што треба да се утврди и истражи од каде произлегува сето ова.
Билјана Бабиќ зема збор и говореше за тоа дека, воопшто не е важно кога е направен фестивалот и колку пати досега е емитуван и дали претходниот Програмски совет повел постапка или не. Се емитува сега, за време на мандатот на овој Програмски совет и негова обврска е да реагира. И не знае зошто ова прашање се гледа низ призма на етничка припадност, кога треба да се гледа низ призма на одговорноста што ја има Јавниот радиодифузен сервис кон сите граѓани. МРТ не е обичен медиум. Таа има обврска да гради доверба и да придонесува кон соживотот во едно мултиетничко општество. Токму затоа, стандардите што важат за јавниот сервис се повисоки од оние што важат за останатите медиуми.
Проблемот не е само во содржината сама по себе, туку во контекстот во кој таа е емитувана – како дел од детска програма, на јавен сервис, со национална покриеност. Детската програма е простор кој мора да биде особено внимателно уредуван, затоа што влијанието врз децата е директно и силно.
Дополнително, таа продолжи дека станува збор за однапред подготвена содржина, што значи дека постоела целосна можност за уредничка проценка и интервенција. Затоа, тука станува збор за пропуст, а не за непредвидлива ситуација. Ова не е прашање на ограничување на културен израз, туку на одговорно уредување на програмата во интерес на сите граѓани.
Билјана Бабиќ заклучи дека ваквиот пропуст не смее да остане без реакција и дека санкцијата треба да се разбере како корективна мерка, со цел да се воспостават јасни стандарди и да се спречат слични ситуации во иднина.
На крај, таа потенцираше дека улогата на Програмски совет е токму во тоа – да се укаже кога постои отстапување и да се обезбеди дека МРТ ќе продолжи да ја исполнува својата јавна функција на начин кој обединува, а не создава простор за недоразбирања.
Понатаму збор зема Маја Седрак која истакна дека, најостро ги осудува сите идеи и наративи што поттикнуваат етнички поделби и територијални претензии. Овие ставови се директно спротивни на принципите на стабилност, соживот и меѓусебна почит врз кои почива нашето општество. Таа рече дека е апсолутно неприфатливо и длабоко вознемирувачко инволвирањето на деца во вакви содржини. Користењето на деца за пренесување политички или националистички пораки претставува злоупотреба што мора недвосмислено да се осуди и санкционира од сите членови на Програмскиот совет.
Јавниот телевизиски сервис се финансира од сите граѓани и има обврска да ја одразува мултиетничката структура на државата. Тој претставува клучна алатка во градењето кохезија во општеството. И апсолутно е непримерно да се емитуваат содржини, како песни што промовираат концепти на „Голема Албанија“ , бидејќи тие се спротивни на Уставот и во исто време носат политички и иредентистички конотации што ја поткопуваат идејата за заедничка држава и јавен интерес.
Таа продолжи во насока дека јавниот сервис не е каква било телевизија, таа мора да има врвни стандари и утврден систем на емитување програма. Во таа смисла не смее да биде

платформа за содржини што создаваат поделби или доведуваат во прашање територијален интегритет, туку простор што обединува и ја афирмира заедничката припадност кон државата и нејзините вредности.
Исто така, рече дека емитувањето на ваква содржина на јавниот сервис, претставува сериозен прекршок и отвора прашања за уредувачката одговорност и контрола на програмата. Во таа смисла, ако уредничката била на боледување, сигурно некој ја менувал, вториот сервис емитува програма во континуитет додека е таа на боледување, што значи дека некој сигурно ја менувал уредничката.
Во таа смисла, таа поддржува итно и неодложно преземање на најригорозни мерки што ќе дадат брза и целосна одговорност од прекршителите, но и воведување на јасни механизми за спречување на вакви пропусти во иднина. Конечно, итно е креирање на јасна процедура за емитување на програма која ќе предвиди кој проверува и кој одобрува емитување на програма.
Следен зема збор Беким Лачи кој рече дека конкретниов случај треба да биде пример, затоа што на каналите на МТВ може да се увидат многу грешки во содржината, според него не се прегледуваат содржините пред да се емитуваат, може да се емитува се и сешто. Треба да се воведат стандарди за во иднина да не се повторуваат вакви грешки.
Потоа зема збор Лазо Трпков кој рече дека за конкретнава ситуација треба да се зборува дека е прекршен членот 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Воедно според него менаџментот треба да обрне малку повеќе внимание, а тоа поради Извештајот од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој укажува на грешки во системот на функционирање.
Понатаму Маја Седрак се надоврза и рече дека ако постои пишана процедура како се избираат програмските содржини, треба да се види каква е процедурата на одобрување и тој што ја одобрува програмската содржина зошто одобрил таква содржина да се пушти на програмата.
Исто така, и Миле Грозданоски се надоврза и рече дека менаџментот треба да утврди согласно правилниците за избор на програмски содржини, зошто не се постапува по истите. Додека уредникот не ги прегледа сите содржини не смее да се пушти програма во етер.

Програмскиот совет го донесе следниот Заклучок:

**Заклучок:**

Програмскиот совет на МРТ заклучи дека со емитувањето на содржината на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ, согласно законските надлежности, да преземе соодветни активности и мерки за утврдување на одговорноста во врска со констатираното прекршување, постапувајќи согласно погоре дадените укажувања и насоки од страна на Програмскиот совет.

Претседателот Давор Пашоски го стави Заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Бидејќи се исцрпија сите точки од дневниот ред, Претседателот Давор Пашоски констатираше дека 37-та седница е завршена. Претседателот се заблагодари за конструктивната дискусија, со што ја затвори триесет и седмата седница на Програмскиот совет на МРТ во 10:48 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1888/4
02.04.2026г.

_________________________

Давор Пашоски